**Архивски број: 08-**286/2
**Датум:** 20.05.2026 **година**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), постапувајќи по Претставка бр. 08–870/1 од 15.12.2025 година, поднесена од страна на /////, со седиште на ///// против Министерството за /////, за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за ///// кон /////, ///// и /////.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 15.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од /////, за заштита од дискриминација, сторена од страна на Министерството за ///// кон /////, ///// и /////, врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи, заверена со бр. 08-870/1.

Во претставката подносителот наведува дека со Колективниот договор на Министерството за ///// („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. /////) и сите понатамошни измени и дополнувања, во членот /////, членот /////, членот ///// и членот ///// се утврдува користењето на објектите за одмор и рекреација, работата на Комисијата за одмор и рекреација, цената на услугите за користење, распоредот на смените и слично. Понатаму наведуваат дека со самото тоа што Комисијата за одмор и рекреација која ја формира Министерот со решение и истата е составена од претседател и четворица членови, од кои претседателот и двајца членови се претставници на ///// (во натамошниот текст: /////) се врши дискриминација, со еден збор приватизација на објектите на само еден синдикат кој единствено преку Комисијата составена од пет членови од кои дури тројца членови се претставници на /////.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-870/2 од 31.12.2025

година се обрати до Министерството за /////, од каде е доставено Известување, во Комисијата заверено со бр. 08-286/1 од 09.03.2026 година.

Министерството за ///// во своето произнесување наведува дека Колективниот договор на Министерството за ///// („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. /////) претставува договор на ниво на работодавач и согласно актуелниот Закон за работни односи, истиот се применува подеднакво на сите работници во Министерството, без оглед на нивното синдикално членство, во кој, во членот 3 се дава дефиниција на поимот „работник" во Министерството.

Понатаму, во врска со одредбата од членот ///// став (/////) од Колективниот договор на Министерството за /////, со која се пропишува составот на Комисијата за одмор и рекреација, сама по себе не е дискриминирачка, односно не ги дискриминира работниците дали членуваат во синдикат или не во однос на остварување на своето право за користење на објектите на Министерството наменети за одмор и рекреација. Одредбата претставува договорно решение помеѓу работодавачот и репрезентативниот синдикат, во конкретниот случај /////, во рамки на колективното преговарање и во тој контекст, присуството на претставници во Комисијата за одмор и рекреација не претставува доделување на ексклузивни права, туку механизам на социјален дијалог и учество на работниците во одлучувањето за прашања од нивен интерес. Додека пак, правото на користење на објектите за одмор и рекреација, цената на услугите и распоредот на смените се утврдуваат согласно критериуми пропишани во Колективниот договор на Министерството за ///// и истите се однесуваат на сите работници без исклучок и без условување со синдикално членство.

На крај од произнесувањето, Министерството за ///// наведува дека синдикалното учество во Комисијата за одмор и рекреација произлегува од принципот на репрезентативност и колективно преговарање и не претставува „приватизација" на објектите, кои остануваат во сопственост и управување на Министерството.

* * *

Одредбата од член 203 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 3/06, 44/06, 65/06, 16/07, 57/07.77/07, 106/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 270/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), гласи: *„Колективен договор се склучува како општ на ниво на Република, посебен на ниво на гранка односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности и поединечен на ниво на работодавач."*.

Членот 208 став (3) од Законот за работните односи, со наслов: „Лица кои ги обврзува колективниот договор", гласи: *„Поединечниот колективен договор ги обврзува - важи и за работниците кај работодавачот кои не се членови на синдикат или на синдикатот - потписник на колективниот договор."*.

Во членот 210 од Законот за работните односи, со наслов „Учесници во склучувањето на колективен договор", ставот (1) од истиот гласи: *„Колективен договор*

*склучуваат работодавачот или репрезентативното здружение на работодавачите и репрезентативниот синдикат.".*

Во членот 211 од Законот за работните односи, со наслов „Учесници во склучувањето на колективен договор", ставот (5) од истиот гласи: *„Репрезентативност на синдикат на ниво на работодавач се определува заради учество во колективно договарање на ниво на работодавач.".*

Член 212 став (5) од Законот за работни односи гласи: *„Репрезентативен синдикат на ниво на работодавач е синдикат во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени кај работодавачот и кои плаќаат членарина".*

Членот ///// од Колективниот договор на Министерството за /////, гласи: „Работодавач во смисла на овој колективен договор е Министерството за ///// на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Министерството) претставувано од министерот за ///// (во натамошниот текст: министерот), кое вработува работници врз основа на договор за вработување.". Членот 5 од Колективниот договор на Министерството за /////, гласи: *„Синдикат во смисла на овој колективен договор е /////, како репрезентативен синдикат (во натамошниот текст: /////) претставуван од претседателот на ///// и неговите овластени претставници."*, а ставот (/////) од членот /////, гласи: *„Овој Колективен договор се применува непосредно и е задолжителен за сите работници кои имаат статус на овластено службено лице во Министерството.".*

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги наводите на подносителот на претставката и произнесувањето од Министерството за /////, секој посебно и во корелација еден со друг, Комисијата одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Имено, Колективниот договор на Министерството за /////е склучен помеѓу работодавачот, Министерството за ///// и Репрезентативниот синдикат – /////. Репрезентативноста на ///// е одредена во смисла на одредбата од членот 212 став (5) од Законот за работните односи, па оттаму, произлегува и правото на ///// согласно член 210 став (1) од Законот за работни односи да се јави како преговарач за колективно договарање и потписник на Колективниот договор на Министерството за /////. Додека одредбите од членот 208 став (3) од Законот за работните односи, како и од членот ///// став (/////) од Колективниот договор на Министерството за /////, се прецизно концизни во определбата дека колективните договори се задолжителни и се применуваат на сите работници, независно дали се членови или не на репрезентативниот синдикат, потписник на истиот.

Понатаму, учеството во одредени комисии при Министерството за ///// се уредува и со Законот за ///// („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. /////) (со одложена примена од ///// година со исклучок на одредбите од член /////, член /////, член /////, член /////, член ///// и член /////-а со примена од /////година), и тоа во член 96, член /////1, член /////, член ///// и член /////, а исто така, учеството на репрезентативниот синдикат во одредени комисии при Министерството за ///// е

уредено и со Законот за ///// („Службен весник на Република Македонија“ бр. ///// и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. /////), и тоа во член /////, член /////, член ///// и член /////.

* * *

**Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека од страна на Министерството за ///// не е сторена дискриминација кон /////, ///// и ///// врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и лично својство и општествен статус, во областа на работата и работните односи, од која причина се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.**

**Скопје, 15.05.2026 година**

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Заменик Претседател**
**Зекир Абдулов**

**Доставено до:**
- /////;
- **Министерство за /////;**
- **Архива на Комисијата;**